Врз основа на член 20 од Уставот на Република Македонија, член 5 и член 18 од Законот за здруженијата и фондациите (Службен весник на РМ бр.52/10), Собранието на Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје на седницата одржана на 17.07.2018 година донесе:

# СТАТУТ
# НА Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје

(Пречистен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се утврдуваат: името и седиштето, целите и задачите, облиците и дејностите за остварување на тие цели; зачленување, исклучување и престанок на членување; органите, нивниот состав, начинот на нивниот избор; траење на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите; стекнување и располагање со имотот; начинот на кој ќе се остварува јавноста во работата; определување на начини услови на организирање; услови и начин на кој ќе се врши пристапување и исклучување на членството; претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица; условите и начинот за престанок и постапување со имотот во случај на престанок, како и други прашања утврдени со закон и други правни акти, а кои се однесуваат на овој статутот.

### Член 2

Името на Коалицијата гласи: Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје (во понатамошниот текст: Коалицијата).

Скратената ознака на името на Коалицијата гласи: МАРГИНИ Скопје.

Во комуникацијата со странство - Коалицијата го употребува своето име на англиски јазик и латинично писмо и гласи: Coalition sexual and health rights of marginalized communities Margins Skopje.

### Член 3

Коалицијата е доброволно, непрофитно и непартиско здружување на здруженија, фондации и други форми на здружувања кои работат во партнерство за да ги промовираат, застапуваат и да се грижат за заштита и почитување на основните човекови права на маргинализирани заедници, односно за остварување на еднаков пристап до здравствени, социјални и правни услуги и вклучување во сите процеси на општественото живеење преку обезбедување на средина која е поддржувачка за сите луѓе и во која се почитуваат еднаквоста, слободата и различностите и преку активно учество на припадниците на маргинализираните заедници во борбата за остварување на сопствените права и слободи.

Коалицијата своите права, должности и одговорности ги остварува согласно Уставот, закони, статутот и програмата на Коалицијата.

### Член 4

Основачи на Коалицијата се:

1. Здружение на граѓани ХОПС – опции за здрав живот Скопје;
2. Здружение на граѓани Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје;
3. Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстаниции ИЗБОР Струмица
4. ЕГАЛ
5. Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

## 2. ЦЕЛИ

**Член 5**

Цели на Коалицијата се:

**1.** Зголемена јавна свест за правата на маргинализираните заедници;

**2.** Овозможување на еднаков пристап на маргинализираните заедници до здравствени, социјални услуги и еднаков пристап до правдата;

**3.** Воспоставување на поддржувачка околина за остварување на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници;

**4.** Зајакнување на активизмот на маргинализираните заедници во насока на остварување на сопствените права;

**5.** Следење на случаите на дискриминација и на спроведувањето на мерките за заштита од дискриминација на маргинализираните заедници;

**6.** Зајакнување на комуникацијата и соработката на граѓанскиот, државниот и приватниот сектор во сферата на заштита на човековите права и еднаквите можности на маргинализираните заедници;

**7.** Предлагање мерки и активности на надлежните органи и институции со цел унапредување и усовршување на системот на заштита на човековите права во Република Македонија;

**8.** Вклучување во меѓународни акции и активности посветени на човековите права и еднаквите можности;

**9.** Соработка, поврзување и зачленување со други домашни и странски здруженија и организации кои работат на иста или слична проблематика;

**10.** Да врши и други дејности кои се од интерес за Коалицијата.

**Член 6**

Во остварување на своите цели и задачи Коалицијата се користи со следните методи:

- Организирање на кампањи за сензибилизација на општата јавност за правата на маргинализираните заедници;
- Работа со медиуми (прес клипинг, мониторинг, реакции);
- Промоција на антидискриминационо законодавство во контекст на маргинализирани заедници;
- Организирање на јавни дебати и расправи за сексуални и здравствени права (СЗП) на маргинализираните заедници;

- Креирање на референтна мрежа на лекари кои ќе бидат сензитивизирани за маргинализираните заедници;
- Развој на соработка со претставници на јавни институции во областа на здравството, социјалната работа, претставници на државни органи;
- Спроведување на судски случаи и обезбедување на правна помош на маргиналзираните заедници;
- Воведување на предмет по сексуално образование во наставната програма;
- Зајакнување на соработката со Народниот правобранител и Јавното обвинителство;
- Работа со државна комисија за заштита на правата на пациентите и со комисии за заштита на права на пациентите во единиците на локална самоуправа и Градот Скопје;
- Воспоставување на комуникација и соработка со политичките партии;
- Лобирање за измени и дополнување на антидискриминационото законодавство;
- Лобирање и учество во изработка на национални политики;
- Подготовка и објавување на извештаи за состојбата со СЗП на маргинализираните заедници;
- Документирање на случаи на прекршување на СЗП на маргинализираните заедници;
- Информирање на маргинализираните заедници за нивните права;

- Активно вклучување на маргинализираните заедници во активности на Коалицијата;
- Организирање на активности за јакнење на заедниците;
- Мотивирање на маргинализираните заедници за пријавување/покренување на случаи;
- Организирање на активности за подигање на политичката свест помеѓу заедниците/индивиуалците;
- Анализа и истражување на состојбите со маргинализраните заедници.

**Член 7**

Коалицијата се организира и дејствува на целокупната територија на Република Македонија и надвор од државата.

## 3. ЧЛЕНСТВО

**Член 8**

Членки на Коалицијата може да бидат здруженија, фондации и други форми на здружување кои работат на унапредувањето на човековите права, еднаквите можности и заштитата од дискриминација. Членувањето во Коалицијата е врз доброволна основа.

За пристапувањето на нови членови во Коалицијата одлучува мнозинството од присутните претставници на собранието на Коалицијата, по претходно поднесено писмено барање од заинтересираната страна до Управниот одбор на Коалицијата.

Пристапувањето во Коалицијата се врши со прифаќање на статутот и програмата на Коалицијата од страна на заинтересираната страна.

**Член 9**

Секој член за време на своето членување плаќа годишна членарина. Одлуката за висината на плаќање ја носи собранието на Коалицијата по предлог на управниот одбор.

**Член 10**

Членството во Коалицијата престанува со доброволно истапување, со исклучување или во други случаи предвидени со закон и со статутот на Коалицијата.

Секоја членка може доброволно да истапи од Коалицијата. Истапувањето се врши со писмена изјава, во која не е потребно да се наведе посебно образложение.

Членството во Коалицијата може да престане и со исклучување со мнозинство гласови од членките на Коалицијата, и тоа во случаите кога:

- членката не го почитува статутот;
- со своите постапки и делување работи во спротивност на целите, задачите и угледот на Коалицијата;
- во други случаи предвидени со закон и статут.

Предлогот за исклучување до Собранието го поднесува управниот одбор на Коалицијата или 1/5 од вкупниот број на членови на собранието.

**Член 11**

Коалицијата за своето членство води регистар на членови и евиденција на членовите на органите кој се ажурира најмалку еднаш на две години.

## 4. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**Член 12**

Органи на Коалицијата се:

- Собрание;

- Управен одбор;

Овластено лице за застапување на Коалицијата е извршниот директор.

Коалицијата по потреба може да формира и други постојани и привремени тела и органи.

Членувањето во органите на Коалицијата е без надомест.

**Собрание**

**Член 13**

Собранието е највисок орган на Коалицијата.

Своите права и обврски собранието ги врши врз основа и во рамките на закон, статутот и општите акти на Коалицијата.

**Член 14**

Собранието е составено од по еден претставник од организациите кои се членки на Коалицијата, а претставниците на здруженијата имаат свој заменик.

Секоја организација членка има по еден глас.

Претставниците се делегираат од страна на организациите и нивниот мандат е две години, со право на повторен избор.

Членовите на Коалицијата можат и пред истекот на мандатот да го отповикаат претставникот, за што веднаш ќе го известат собранието и ќе определат друг претставник.

**Член 15**

Собранието на Коалицијата:

- го донесува, изменува и дополнува статутот;
- го усвојува годишниот извештај за работа и финансискиот извештај;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- донесува деловник за работа на собранието;
- одлучува за промена на целта на здружување;
- избира членови на управниот одбор и други органи;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Коалицијата;
- одлучува за здружување или разделување од сојузи и други форми на здружување како и за зачленување во домашни и меѓународни организации и мрежи;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето со мнозинство гласови од вкупниот број членки;
- одлучува за воспоставување на извршна канцеларија;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела во Коалицијата;
- одлучува за престанок на Коалицијата;
- врши и други работи во согласност со статутот и општите акти на Коалицијата.

**Член 16**

Собранието се свикува по потреба, но најмалку еднаш во календарската година.

Седниците на собранието ги свикува претседавачот на управниот одбор по сопствена иницијатива или по барање на управниот одбор, или по барање на 1/5 од членовите на собранието.

Ако претседавачот со управниот одбор во рок од четиринаесет дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува управниот одбор или иницијаторите.

**Член 17**

Покана за седница на собранието, со дневен ред и материјали за работа се доставуваат до членовите најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата.

Со седницата на собранието претседава претседавач.

Претседавачот на собранието се избира за секоја одделна седница на самата седница, по предлог на управниот одбор или три члена на собранието.

За претседавач на собранието може да се избере секој член на Собранието, со исклучок на членовите на управниот одбор.

**Член 18**

Собранието има кворум ако се присутни мнозинството од вкупниот број членови.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со овој статут не е предвидено посебно мнозинство.

На собранието се одлучува со јавно гласање освен ако со мнозинство гласови од присутните не одлучи гласањето да се спроведе тајно.

**Член 19**

Членовите на собранието може да одлучуваат и без одржување состанок или без присуство со давање на својот глас преку официјалната електронска адреса на секоја членка на Коалицијата до официјалната електронска адреса на Коалицијата.

Доколку одделни членки преку своите претставници воопшто не гласале се смета дека се воздржале од гласање.

Членовите на Собранието може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со конференциска врска.

**Управен одбор**

**Член 20**

Управниот одбор на Коалицијата е орган за општо управување и е највисок орган на управување меѓу две седници на собранието.

Своите права и обврски управниот одбор ги врши врз основа и во рамките на Статутот и општите акти на Коалицијата.

**Член 21**

Управниот одбор го сочинуваат седум члена од кои пет се претставници на членките на Коалицијата и два надворешни членови кои не се членови во здруженијата членки на Коалицијата и не учествуваат во работата на Коалицијата.

Од редовите на членовите на управниот одбор се избира претседавач.

**Член 22**

Членовите на управниот одбор поединечно ги избира собранието на предлог на 1/5 од членовите на собранието.

Мандатот на членовите на управниот одбор е две години со право да бидат избрани повторно на уште две години.

Членовите на управниот одбор можат да бидат избрани на уште две години по истекот на две години од претходните два последователни мандата.

**Член 23**

Претседавачот на управниот одбор се бира од членовите на управниот одбор со мнозинство гласови од вклупниот број членови на управниот одбор.

Претседавачот на управниот одбор се избира за време од две години со право на повторен избор.

Претседавачот на управниот одбор е одговорен за работата и процесот на донесување на одлуки на Управниот одбор.

**Член 24**

Управниот одбор на Коалицијата:
- донесува перспективни и годишни програми и планови за работа;
- одобрува проекти што се во интерес на членките на Коалицијата;
- носи мерки за обезбедување ефективно и рационално извршување на програмата;
- одлучува за средствата на Коалицијата во рамките на финансискиот план;
- одлучува за воспоставување награди и признанија;
- донесува акти со кои се уредува работата на извршната канцеларија;
- именува извршен директор и ја надгледува неговата работа;
- ја следи работата на извршната канцеларија
- предлага вклучување и исклучување на членови во Коалицијата;
- врши други работи во согласност со овој статут и со општите акти на Коалицијата.

**Член 25**

Управниот одбор работи и одлучува на седници кои се оддржуваат по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

Седниците на управниот одбор ги свикува претседавачот на управниот одбор; по сопствена иницијатива; по барање на најмалку два члена на управниот одбор; по барање на најмалку пет члена на собранието или по барање на извршниот директор.

**Член 26**

За одлучување е потребно присуство на мнозинство од членовите во управниот одбор.

Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на управниот одбор.

Член на управниот одбор се иззема од гласањето за прашања кои се поврзани лично со него, неговиот брачен другар или роднина до втор степен во странична линија.

На седниците на управниот одбор можат да присуствуваат претставници на донаторите и портпаролот на Коалицијата, кои немаат право на глас.

За работата на управниот одбор се води записник кој се усвојува на наредната седница.

**Член 27**

Членовите на управниот одбор може да одлучуваат и без одржување состанок или без присуство, ако членовите дадат согласност за одлуката којашто се донесува да се даде преку електронска пошта.

Членовите на управниот одбор може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со конференциска врска.

**Член 28**

За претресување на прашањата од својата надлежност управниот одбор формира комисии и други работни тела, кои се формираат како постојани или како привремени.

**Член 29**

Членовите на собранието и на управниот одбор имаат право и должност да учествуваат во работата на собранието и на управниот одбор, да даваат иницијатива за

подготвување општи акти и да учествуваат во вршењето други надлежности на собранието и на управниот одбор, во согласност со деловниците за работа и со заклучоците на собранието и на управниот одбор.

Членовите на собранието имаат право:

-да бираат и да бидат избрани во органите на Коалицијата;

-да вршат надзор над работата на другите органи;

-да се придржуваат на одредбите од статутот;

-во Коалицијата да ги застапуваат интересите и ставовите на здружението чии претставници се;

-да предлагаат решенија од заеднички интерес на Коалицијата;

-да ги известуваат членовите на здружението чии претставници се за работата на органите на Коалицијата и за текот на реализацијата на нејзините цели и задачи;

-да земаат активен придонес во остварувањето на целите и задачите на Коалицијата.

**Член 30**

Управниот одбор и неговите членови, како и членовите на собранието одговараат за својата работа пред собранието.

Членовите на собранието и на управниот одбор се одговорни за остварување на целите и задачите на Коалицијата.

Членовите на собранието и на управниот одбор се одговорни за штетата предизвикана од нивното работење или поради запоставување на работата.

**Член 31**

Претседавачот на управниот одбор, како и најмалку два члена на управниот одбор може да предложи разрешување член на управниот одбор.

Разрешување на член на управниот одбор може да биде предложено поради неприсуство од неоправдани причини на најмалку три последователни седници на управниот одбор или поради претставување на Коалицијата кое не е во согласност со улогата и идентитетот на Коалицијата или поради постапување во спротивност со одредбите на овој статут.

Во случај предлогот за разрешување да се однесува на претседавачот на управниот одбор, на барање на четири члена на собранието, или на два члена на управниот одбор, барањето се проследува директно до собранието.

Член на собранието и на управниот одбор може да поднесе оставка.

**Извршна канцеларија**

**Член 32**

Секојдневното работење на Коалицијата е организирано во извршна канцеларија.

Управниот одбор, за поефикасно и поекономично остварување на својата функција, ја доверува работата на извршната канцеларија.

Управниот одбор е одговорен за формирање на извршната канцеларија во согласност со принципите на ефикасност, компетентност, интегритет и афирмативност.

Организацијата и работата на извршната канцеларија се уредува со акти што ги донесува управниот одбор.

**Член 33**

Извршната канцеларија на Коалицијата е постојано тело кое го сочинува извршен директор и потребен број персонал.

**Член 34**

Извршната канцеларија ги врши раководните, како и стручните и административните работи, односно ги води дневните работи, ги сервисира органите на Коалицијата и ја администрира политиката и програмите одобрени од нив.

Извршната канцеларија:

- подготвува седници на собранието и на управниот одбор на Коалицијата и соодветни материјали;
- ги раководи и ги координира сите планирани активности на Коалицијата, во рамките утврдени со годишниот план за работа и со финансискиот план;
- подготвува среднорочни и годишни планови за работа и финансиски планови;
- раководи со финансиските средства, мобилизира нови фондови, преговара и склучува договори со донатори и со други финансиери;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- поднесува извештаи за работата и финансиски извештаи до управниот одбор;
- одржува односи со јавноста.

**Извршен директор**

**Член 35**

Извршниот директор го избира управниот одбор на предлог на најмалку три члена на органот.

Извршниот директор на Коалицијата не може да биде лице кое извршува функција на главен извршен директор или овластен застапник на друго правно лице.

Извршниот директор е одговорен пред управниот одбор.

**Член 36**

Извршниот директор е главен административен службеник кој:

-го надгледува спроведувањето на одлуките донесени од управниот одбор;

-се грижи за реализирање на проектите спроведувани од Коалицијата;

-именува програмски директор чии права и обврски се регулираат со деловникот за работа на извршна канцеларија;

-именува портпарол на Коалицијата;

-донесува одлуки за вработување и престанок на ангажмани на вработени во извршната канцеларија на предлог на комисијата за избор избрана од управниот одбор и со добиена согласност од претседателот на управниот одбор;

-по овластување на управниот одбор склучува договори со надворешни партнери;

-го известува управниот одбор за преземените активности;

- го известува управниот одбор за значајните заеднички акции и истапување во јавноста во име на Коалицијата.

Извршниот директор учествува во работата на собранието и на управниот одбор без право на глас.

**Член 37**

Извршниот директор го раководи работниот процес на Коалицијата.

Извршниот директор ги следи и ги анализира состојбите и проблемите во дејноста на Коалицијата; дава прогнози и предвидувања за идни услови, проблеми и можности; комуницира и соработува со други организации.

Извршниот директор раководи со Извршната канцеларија, ја планира, организира и спроведува работата на Извршната канцеларија.

Извршниот директор ја застапува Коалцијата во правниот промет со трети лица, одговорен е за законитоста во работењето на Коалицијата и за правилна примена на Статутот и на општите акти на Коалицијата.

Извршниот директор врши и други работи во негова надлежност согласно законот, статутот и општите акти на Коалицијата.

Извршниот директор поднесува годишен извештај пред Собранието на Коалицијата.

**Член 38**

Функцијата на извршниот директор престанува:
-на сопствено барање или
-со одлука на управниот одбор.

Предлог за разрешување на извршниот директор може да поднесат најмалку три члена на управниот одбор.

## 5. ФИНАНСИИ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 39**

Коалицијата стекнува и прибавува финансиски средства од: донации, прилози, подароци и завештанија, членарина, приходи од буџетот на Република Македонија, буџетот на единиците на локална самоуправа и Градот Скопје и други приходи.

**Член 40**

Средствата на Коалицијата се употребуваат за цели, задачи и активности во согласност со овој статут и со општите акти на Коалицијата и согласно со условите и ограничувањата на донаторите.

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Коалицијата согласно надлежностите утврдени со статутот.

**Член 41**

Вишокот на приходите над расходите (добивката) остварен од Коалицијата не смее да биде дистрибуиран како таков на ниедно лице, туку мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на Коалицијата.

**Член 42**

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата на Коалицијата се утврдуваат секоја година со финансискиот план, а врз основа на годишниот план за работа.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат, како и расходите за планираните активности за заедничка потрошувачка на вработените, надоместоци за ангажирање на стручни лица и за материјални трошоци за работа на Коалицијата и друго.

Годишниот деловен план, вклучувајќи го и финансискиот план, го донесува управниот одбор, а на предлог на извршниот директор.

Годишниот деловен план за секоја година се донесува на крајот од тековната календарска година, за наредната година.

**Член 43**

Годишниот деловен извештај, вклучувајќи го и финансискиот извештај го донесува собранието.

Годишниот финансиски извештај може да биде подложен на ревизија од независен ревизор, избран од управниот одбор.

Годишниот деловен извештај за претходната година се донесува најдоцна до 31 март во тековната календарска година.

**Член 44**

Коалиција води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со закон.

Управниот одбор со општ акт го уредува финансиското работење.

Управниот одбор го одобрува извештајот за попис.

## 6.ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО

**Член 45**

Коалиција во своето седиште во архивата ги чува актите согласно со законот.

Извршниот директор го уредува начинот на канцелариското и архивското работење.

**Член 46**

Работата на Коалицијата е јавна. Органите на Коалицијата се обврзуваат да обезбедат систем за информирање на јавноста.

Јавноста во работата на Коалицијата се остварува преку:

- прес конференции
- одржување на сопствена интернет страница;
- редовни известувања до средствата за јавно информирање за работата на Коалицијата;
- обезбедување на присуство на медиумите на настаните и активностите на Коалицијата;
- обезбедување на присуство на претставници на надворешни лица на седниците на органите и телата на Коалицијата;
- испраќање на информации на мрежи и заеднички листи;
- достапност на извештаите и на другите акти до членовите и други заинтересирани лица;
- издавање на печатен материјал и други соодветни начини.

**Член 47**

Управниот одбор ги уредува податоците и информациите кои се објавуваат, како и начинот на објавување.

Извадок од годишниот извештај на Коалицијата и ревизорското мислење може да се објавува.

Коалицијата може да основа периодични публикации заради остварување на целите.

## 7. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 48**

Членките на Коалицијата своите релации ги градат врз следните принципите:

- меѓусебно почитување и доверба;
- еднаквост и демократичност во управувањето и водењето на Коалицијата;
- позитивен пристап кон сексуалноста;
- автономија и самоопределување;
- слободни и информирани избори во врска со сите аспекти на животот, вклучувајќи го и сексуален живот;
- сеопфатно разбирање за сексуалноста кое ги интегрират емотивните, психолошките, социјалните и културните фактори при планирањето и испорачувањето на услуги и политики;
- доверливост и приватност;
- културна разноликост;
- солидарност;
- одговорност пред себе и пред другите;
- хоризонтално и колаборативно носење на одлуки.

**Член 49**

Секоја од организациите членки ја задржува својата независност во однос на другите. Коалицијата не е во надредена улога во однос на членките организации и не може да ги управува или ограничи нивните активности, ниту да се огласува во нивно име.

Сите значајни заеднички акции и истапувања во јавноста во име на Коалицијата мора да бидат одобрени од управниот одбор.

Доколку нема согласност од управниот одбор по одредено прашање, членките поединечно го искажуваат својот став за одредено прашање и истапувањето во јавноста во тој случај е само во име на организациите кои го поддржуваат одредениот став.

## 8. АКТИ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 50**

Коалицијата донесува статут, правилници, деловници, одлуки, решенија и други акти.

Со правилниците и одлуките се регулираат прашањата за кои со законот или со овој статут е предвидено да се регулираат со општи акти.

**Член 51**

Статутот е највисок акт на Коалицијата.

Општите акти на Коалцијата мора да бидат во согласност со овој статут.

Ако одредба на општ акт не е во согласност со овој статут, таа е ништовна и се применуваат одредбите од овој статут.

**Член 52**

Предлог за измени и дополнувања на статутот во писмена форма можат да поднесат управниот одбор, извршниот директор или најмалку два члена на собранието.

Писмениот предлог се поднесува до управниот одбор кој по разгледувањето го доставува со собранието.

Собранието го донесува статутот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

**Член 53**

Општите акти на Коалицијата ги потпишува извршниот директор или лице овластено за тоа.

## 9. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА

**Член 54**

Коалицијата престанува:

- ако е донесена одлука за престанок од страна на собранието на Коалицијата со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови;
- ако бројот на членките на Коалицијата се намали под две членки;
- во други случаи определени со закон.

**Член 55**

По утврдувањето дека Коалицијата престанала да постои имотот и средствата кои останале по намирувањето на обврските се префрлаат пропорционално во сопственост на здруженијата од кои е основана.

По престанокот на работата ликвидацијата ја води управниот одбор во својство на ликвидатор под надзор на собранието на начин и постапка утврдени со закон.

За почетниот биланс за отворање постапка за ликвидација, за годишната сметка и за извештајот за работењето на ликвидаторите одлучува собранието на Коалицијата, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

## 10. СТАТУС

**Член 56**

Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" е правно лице, односно сојуз на здруженија, фондации и други форми на здружување, со права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој статут.

**Член 57**

Седиштето на Коалицијата е во Скопје, на ул. Франклин Рузвелт бр.8/1-7, општина Центар Скопје.

**Член 58**

Коалицијата има свој печат, штембил и лого.

Печатот го содржи името и седиштето на Коалицијата. Печатот има кружна форма а околу работ е испишано на кирилица на македонски јазик името на Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ.

Штембилот е во правоаголна форма со впишан текст :

Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ
Број______________________
Датум___________________

Текстот содржан во печатот и штембилот е испишан на македонски јазик и писмо.

Логото на Коалицијата го избира управниот одбор по претходно спроведена постапка за прибирање на повеќе идејни решенија.

.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 59**

Во рок од шест месеци од основањето, собранието на Коалицијата треба да ги донесе Деловник за работа, Правилник за материјално и финансиско работење и Правилник за употреба на печат и штембил.

Управниот одбор во истиот период ќе ги донесе општите акти кои се потребни во неговото работење, а се од негов делокруг.

**Член 60**

Овој статут влегува во сила со денот на потпишување на основачкиот акт, а ќе се применува од денот на регистрација на Коалицијата во Централен регистар.

Во Скопје
на 17.07.2018 година

Претседател
________________